Ред. број 17 Тимски коучинг

| Прилог бр.3 | | Предметна програма од втор циклус на студии | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Тимски коучинг | | | |
| 2. | Код | БАС-22ТКО | | | |
| 3. | Студиска програма | Стратегиски менаџмент за одржлив развој | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | прва | Семестар | прв |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 6 ЕКТС | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Виш пред. м-р Билјана Галовска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски јазик | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | нема | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | **Цели на предметната програма:**<br>• Разбирање на поимот коучинг и неговата важност за организацијата;<br>• Дефинирање на коучингот како процес и откривање на неговото значење за менаџерите и тимската работа;<br>• Применување на различни модели во тимскиот коучинг за развој на тимови;<br>• Развивање на вештини на менаџерот во улога на коуч за вработените;<br>• Подигање на нивото на индивудуална свест преку осознавање на сопствените вредности во тимскиот коучинг;<br>• Препознавање на важноста на тимскиот коучинг во различни работни средини;<br>• Подобрување на тимските перформанси на работа,<br>• Развивање на ефективни тимски комуникациски вештини;<br>• Применување на коучинг техники за подобрување на тимската динамика и резултати за врвни тимови;<br>• Способност за примена на принципи од невронауката за подобрување на тимските перформанси;<br>• Разбирање на тимот како дел од поголемиот организациски систем;<br>• Применување на соодветни стратегии за коучинг во тимови и групи;<br>• Разбирање на тимскиот тренер и неговото влијание на успехот на тимот;<br>• Развивање на стратегии за тренинг и управување со тимови со високи перформанси;<br><br>**Резултати од учењето:**<br>По успешното завршување на предметот, студентите ќе бидат способни да: | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Студентите ќе можат да објаснат што претставува коучингот како концепт и да ја идентификуваат неговата важност за постигнување на организациски цели и подобрување на работната клима.<br>• Студентите ќе бидат способни да го дефинираат коучинг процесот и да покажат како примената на коучинг техники може да го подобри лидерството, комуникацијата и тимската динамика.<br>• Студентите ќе бидат способни да ги применат различни модели на коучинг за подобрување на тимскиот развој и кохезија.<br>• Студентите ќе развијат вештини кои ќе им овозможат да играат улога на коуч во тимовите и да ги мотивираат и поддржуваат своите вработени.<br>• Студентите ќе го зголемат нивото на само-свест преку процесот на само-рефлексија и идентификување на сопствените вредности и како тие влијаат на тимската динамика.<br>• Ќе научат како да користат коучинг методи за идентификување и решавање на проблеми во тимот, што ќе води до подобрени тимски резултати и повисока продуктивност.<br>• Студентите ќе развијат вештини за ефективна комуникација во тимот, што ќе им помогне да ја подобрат соработката, решавањето конфликти и координацијата.<br>• Студентите ќе научат како да применуваат специјализирани коучинг техники кои водат до создавање на високо ефективни тимови кои постигнуваат извонредни резултати.<br>• Ќе научат како принципите на невронауката може да се применат за подобрување на когнитивната и емоционална состојба на тимовите.<br>• Студентите ќе ја разберат улогата на тимовите во контекст на поголемата организациска структура и ќе научат како тие се интегрираат во стратешките цели на организацијата.<br>• Студентите ќе се запознаат со значењето на лидерот во тимскиот коучинг и ќе научат како тренерот може да влијае на успехот на тимот преку мотивација, поставување цели и управување со тимската динамика.<br>• Студентите ќе развијат стратегии за управување со тимови кои се на високи перформанси, фокусирајќи се на постојан развој и оптимизација на тимската ефикасност. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | ПОГЛАВЈЕ 1: ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТИМСКИОТ КОУЧИНГ<br>1.1 Теоретско определување на поимот тимски коучинг.<br>1.2 Разлика помеѓу индивидуален коучинг и тимски коучинг.<br>1.3 Клучни премиси на системско-релациско коучирање на тимот<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе знаат да го објаснат значењето на тимскиот коучинг и да ги препознаат основните карактеристики на тимскиот* |

| | | |
|---|---|---|
| | | *коучинг, како и да го разликуваат тимскиот од другите видови на коучинг. Ќе ги разбираат и почитуваат клучните коучинг премиси за работа во тимови*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 2: ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ И МОДЕЛИ НА ТИМСКИОТ КОУЧИНГ<br>2.1 Основни принципи на тимскиот коучинг<br>2.2 Модели на тимски коучинг<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе ги разбираат и применуваат основните принципи на тимскиот коучинг и ќе ги разликуваат основните модели на тимски коучинг.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 3: ГРАДЕЊЕ НА ТИМ СО ВИСОКИ ПЕРФОРМАНСИ ПРЕКУ КОУЧИНГ ПРОЦЕС<br>3.1 Карактеристики на тимови со високи перформанси<br>3.2 Развој на индивисуалните способности и тимската динамика<br>3.3 Ефективно управување со тимски конфликти<br>3.4 Услогасување на индивидуалните и тимски цели<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе ги препознаваат основните карактеристики на тимовите со високи перформанси, ќе развиваат стратегии за развој и усогласување на индивидуалните способности со тимската динамика, ќе се ставаат во улога на коучеви со цел да превенираат и решаваат конфликти, како и да развиваат техники за превенција на истите. Покрај тоа, студентите ќе можат да применат методи за усогласување на индивидуалните и тимските цели, што ќе ја зајакне кохезијата и резултатите на тимот.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 4: НЕВРОНАУКА И ПСИХОЛОГИЈА НА ТИМОВИ<br>4.1 Основи на неуронауката и тимскиот коучинг<br>4.2 Применување на невронаука и психологија за оптимизирање на тимските перформанси<br><br>*Резултати од учење:*<br>*Студентите ќе знаат што значи невронаука, ќе можат да ги применат нејзините принципи за да влијаат на тимската динамика. Ќе ја осознаат важноста на индивидуалните и тимски вредности и уверувања и ќе градат психолошка безбедност во тимот. Ќе разберат како невронаучните механизми и психолошките процеси влијаат на тимската динамика, комуникацијата, и одлуките и како коучот може да ги искористи овие аспекти за подобрување на перформансите на тимот.*<br><br>ПОГЛАВЈЕ 5: СИСТЕМСКИ ПРИСТАП КОН ТИМСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ И ДИСФУНКЦИЈА<br><br>5.1 Основни на системскиот пристап – тимот како систем<br>5.2 Дисфункција и нејзина превенција преку коучинг во тимовите<br>5.3 Процес на трансформација и реструктурирање на тимот<br><br>*Резултати од учење:* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | *Студентите ќе научат како тимот функционира како интегриран систем, а ќе бидат оспособени да идентификуваат слабости и силни точки во тимската динамика. Ќе препознаваат дисфункции во тимот, како и да применуваат коучинг техники за надминување на дисфункционалности. Ќе применуваат коучинг алатки за трансформација на тимот низ процесот на промена.* | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | нема | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Наставата се реализира преку комбинација на интерактивни предавања, практични вежби, студии на случај и индивидуална и групна работа, со цел да се овозможи сеопфатно разбирање на современите концепти и практики<br>Предавањата се организираат во форма на интерактивна настава каде што студентите се активно вклучени преку дискусии, прашања и мултимедијални презентации. Овој метод овозможува стекнување на теоретски знаења, но и нивна примена преку анализа на актуелни предизвици во областа.<br>Практичните вежби имаат за цел да ги зајакнат компетенциите на студентите преку симулации, решавање на конкретни задачи и примена на концептите во реални работни сценарија. Преку индивидуални и тимски активности, студентите развиваат аналитички и истражувачки способности, како и практични вештини за решавање на проблеми.<br>Студиите на случај се користат како алатка за подобро разбирање на менаџерските предизвици во реалниот сектор. Преку анализирање на конкретни примери од деловната пракса, студентите развиваат критичко размислување и учат како да ги применат стекнатите знаења за идентификување и решавање на проблеми<br>Индивидуалната и групната работа се важен дел од наставниот процес, бидејќи поттикнуваат активно учење, соработка и комуникациски вештини. Студентите имаат можност да работат на самостојни истражувања, како и да презентираат решенија за конкретни предизвици<br>Со примена на овие наставни и работни методи, студентите се стекнуваат со применливо знаење, критичко размислување и практични вештини потребни за современиот менаџмент на човечки ресурси. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 162 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 30 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | / |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | 15 |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 45 |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 42 |
| 18 | Услови за потпис | Реализирани активности од точка 16 и 17. | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Присуство и активност | | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 50 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 50 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | 51 х до 60 бода | 6 (шест) (Е) |
| | | | 61 х до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | • Евалвации од студентите: Редовно спроведување на евалвации за оценување на наставниот процес, со фокус на содржината на предметот, методите на предавање, комуникацијата со студентите и јасноста на наставниот материјал.<br>• Самоевалвација на наставниците: Наставниците вршат самооценка на своето предавање, оценувајќи ги своите методи на наставата, нивната ефективност и областите за подобрување.<br>• Набљудување на наставата: Редовно набљудување на часовите од страна на колеги или менаџери за квалитет, со цел да се оценат методите на предавање и интеракцијата со студентите.<br>• Постигнување на образовни цели и резултати: Анализа на академските резултати на студентите, како и нивните вештини и способности што ги стекнале, во контекст на учењето.<br>• Меѓународни акредитации и стандарди: Применување на меѓународни стандарди за квалитет во образованието и вршење на редовни проверки преку акредитации и оценки од надлежни институции | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | М-р Билјана Галовска | Тимски коучинг (компендиум) | Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје | 2024 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | David Clutterbuck | Coaching the Team at Work | Nicholas Brealey Publishing London | 2021 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2. | Erik de Haan Dorothee Stoffels | Relation team coaching | Routledge Taylor&Francis group London and New york | 2024 |
| | | 3. | Helen Zink | Team Coaching for Organisational Development<br><br>Team, Leader, Organisation, Coach and Supervision Perspectives | Routledge | 2024 |